







# Подстратегија за рурален развој на Општина Охрид 2014—2018

OHRID CITY OF UNESCO

# СОДРЖИНА


Вовед .......... 2

Основни цели на Подстратегијата .......... 3

Методологија .......... 3

Законски рамки за развој на руралните подрачја во Р.М .......... 8

Национална стратегија за земјоделство и рурален развој .......... 9

Министерства .......... 10

Политика на ЕУ за рурален развој .......... 11

Општи информации за руралните области на Општина Охрид .......... 14 - 25

Географски карактеристики .......... 26

Клима и релјеф .......... 27

Сообраќајна поврзаност .......... 27

Заштитени подрачја и Национален парк .......... 28

Природни ресурси и капацитети .......... 29 - 38

Население и трендови .......... 38 - 46

СВОТ анализи на стратешките области .......... 46 - 64

Стратешки цели, приоритети и проекти по населени маста .......... 64 - 135

## ВОВЕД:

Општина Охрид располага со богат фонд на автентични културни, природни и традиционални ресурси и производи кои согласно глобалниот тренд во последните децении во руралниот развој и туризам нудат сериозни можности за развој на Охридскиот Регион и подобрување на квалитетот на живеење во руралните делови на Општина Охрид. Истовремено автентичноста на традиционалните производи од локалното население е добра основа за креирање на специфичен концепт за поттикнување на Руралниот Развој во Општина Охрид.
Националните програми за земјоделство, рурален развој и туризам во Македонија одат во прилог на глобалните трендови за креирање на самоодржливост во руралните региони преку развој на земјоделието и дополнителни дејности за семејствата кои живеат или се враќаат во руралните области (селата). Руралниот развој и руралниот туризам изолирано преку ретките автентични примери во Општина Охрид веќе го покажуваат интересот на туристите, придобивките за локалното население и Бизнис заедницата - иако сеуште нема дефинирани контури на гранката .

Согледувајќи ја моменталната ситуација, сосема јасно е дека заедницата треба да вложи огромен напор во насока на дефинирање на најважните насоки потребни за успешен рурален развој, како и промоција на ресурсите со цел создавање на компететивни предности кои ќе ги одржат постоечките позитивни вредности и истовремено ќе привлекува нови. Ова е единствениот начин нашата заедница интелигентно да ги користи ресурсите со цел севкупниот економскиот развој да биде успешен и остане одржлив.

Од особена важност во развојот на овој процес претставува директната вклученост на општината во планирањето на руралниот развој, во кој игра водечка, координативна и промотивна улога.

Овој Документ има задача следејќи ги насоките и европските трендови, аргументирано да го насочи руралниот развој како еден од врвните приоритети за Охридскиот микро регион. Истовремено со ставање во функција на севкупните потенцијали на Општина Охрид да придонесе кон забрзан развој, намалувањето на миграцијата, нови работни места и креирање на иницијативи за одржлив социо-економски развој со зачувување и унапредување на животната средина.

Подстратегијата за рурален развој на Општина Охрид 2014-2018 е прв Документ од ваков вид во Општина Охрид, кој е изработен во согласност со домашните и меѓународните стратешки документи.

Основните цели на оваа Подстратегија за рурален развој се:

- Идентификување на концептот, насоките и приоритетите за рурален развој,
- Намалување на разликите во степенот на развојот на урбаниот и руралниот дел на Општина Охрид, поттикнување на претприемништво, искористување на можностите за аплицирање на проекти за рурален развој, економски иницијативи за одржлив развој, како и создавање услови за креирање на приходи (основни или дополнителни) за локалното население од руралните делови на Општина Охрид.
- Поставување на рамка за поттикнување на руралниот развој, и посебно руралниот туризам како дел од севкупната туристичка понуда на Општина Охрид

Со цел да се обезбедат веродостојни и корисни резултати, а воедно и за да се изготват квалитетни решенија и предлози, за потребите на оваа Подстратегија користени се стандардни методологии и процедури кои се општо прифатени во меѓународната практика за планирање и изготвување на стратешки документи од ваков тип.

Со оглед на горенаведеното, Подстратегијата за рурален развој 2014-2018 год. на Општина Охрид претставува рамка за поттикнување на развојот на руралните области во Општина Охрид и ќе даде свој придонес за севкупно подобрување на квалитетот на живеење на населението во овие области.

## МЕТОДОЛОГИЈА

### Активности за подготовка на Подстратегија за рурален развој на Општина Охрид 2014-2018

За изработка на **Подстратегијата за рурален развој 2014-2018 на Општина Охрид,** применети се методолошки алатки кои во основа го користат принципот на вклучување на сите релевантни засегнати страни при анализирањето на потенцијалите и ресурсите од Охридскиот Регион за рурален развој, како и идентификување и утврдување на стратешките цели и приоритети во 6 тематски области и тоа:

1. **Инфраструктура**
2. **Туризам и Локален Економски Развој**
3. **Урбанизам и Животна Средина**
4. **Земјоделство и Сточарство**
5. **Образование и Здравство**
6. **Спорт и Култура**

### I Фаза Активности: Проценка и анализа на заедницата:

Со цел реална проценка и анализа на постоечката состојба беа организирани **4 (четири) работилници** во Општина Охрид од кои **3 (три) работилници** со претставници од Месните заедници од селата од Охридскиот микро регион (поделени во групи според географската местоположба) и **1(една) финална работилница** со сите претставници од МЗ од селата на Општина Охрид и претставници од Бизнис секторот активен во руралните делови на Општина Охрид, Претставници од Подрачната Единица на Министерството за Земјоделие, Шумарство и Водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството Р.Е.

Охрид, ЈП “Македонски Шуми”, Националниот парк “Галичица”,Национална Установа Завод и Музеј Охрид, Медиуми, Невладини организации, претставници на ЈП Нискоградба- Охрид, ЈП Охридски Комуналец, МЈП Проаква- Охрид, ЈП Билјанини Извори како и претставници од Локален Економски Развој, Урбанизам, Животна Средина, Комунален развој, сообраќај и патишта, Образование на Општина Охрид и др. **Со тоа беше запазен основниот критериум и предуслов за постигнување на компромис за идниот рурален развој со учество на трите главни сектори: Јавниот сектор, Бизнис секторот и Граѓанскиот сектор, како три главни столба од општественото живење**.

Селата од Општина Охрид беа поделени во три функционални групи врз основа на претходни согледувања и географската местоположба на селата. Ова беше направено најмногу заради тоа што сите села имаат свои различни специфики и проблеми, како и свои компаративни предности. Се разбира селата кои се лоцирани во непосредна близина на Охридското Езеро или градот Охрид имаат сосема различни проблеми и интереси за разлика од планинските села на Општина Охрид.

Руралните населби се групирани во следните три функционални групи:

- Источно крајбрежни населби,
- Централно низински населби,
- Планински населби (или некогашната Општина Косел)

- На организираните Работилници со примена на SWOT Анализа беа идентификувани Предностите (Јаките страни), Слабостите, Можностите и Заканите односно клучните внатрешни и надворешни фактори кои се важни за анализата на проблемот и постигнување на целта.
- Врз основа на добиените податоци од SWOT Анализата, беа идентификувани Стратешките Цели и Приоритети за рурален развој.

- После тоа се пристапи кон Изработка на Акционен План и План за следење (Мониторинг), кои се составен дел на оваа Подстратегија за Рурален Развој.

- Во подготовка на овој Документ за Рурален Развој на Општина Охрид беше исто така користено искуството, односно компаративната анализа од неколку земји од Европската Унија, како и Националното законодавство и регулатива. Ова се разбира во функција за квалитетна подготовка на самата Подстратегија.

Податоците презентирани во овој Документи се од релевантни институции, како што е Државниот Завод за статистика, како и дел од податоците кои се добиени со истражувања на терен со посветена работа на тимот за подготовка на овој документ.

## I Фаза Активности: Организација на Работилници

### Работилница 1 ; SWOT Анализа

Одржана на **16.10.2013** год. во просториите на Секторот за ТЛЕР со претставници на Секторот за туризам и локален економски развој при Општина Охрид за следните села: Љубаништа, Трпејца, Елшани, Долно и Горно Коњско, Шипокно, Велестово, Рамне, Пештани и Рача, како и претставници од урбанизам, животна средина, образование, комунални дејности и сообраќај и претставници од општинските јавните претпријатија: ЈП “Комуналец”, ЈП “Проаква”, ЈП “Нискоградба”, ЈП “Билјанини Извори”; како и претставници на ЈП “Македонски Шуми” и Национален Парк “Галичица”



**Работилница 2 ; SWOT Анализа**
Одржана на **21.10.2013** год. во просториите на Секторот за туризам и локален економски развој се одржа втора работилница со претставници на Секторот за туризам и локален економски развој при Општина Охрид, претставници на Месни Заедници од селата: Подмолље, Орман, Велгошти, Лескоец, Косел, Сирула, и претставници на Секторот за урбанизам, животна средина, Фонд за комунален развој и сообраќај и Секторот за јавни дејности.



**Работилница 3; SWOT Анализа**
Одржана на **30.Октомври.2013 год**. во просториите на Секторот за туризам и локален економски развој на која покрај претставниците на Секторот за туризам и локален економски развој при Општина Охрид имаше претставници на Месни Заедници од селата: Куратица, Речица, Плаќе, Свињишта, Завој и Опеница.

**Работилница 4 (Финална Работилница); Утврдување на Приоритети за рурален развој**

**Финалната работилница оджана на 19 Ноември 2013** год. во Хотел "Милениум" со претставници од Секторот за Туризам и Локален Економски Развој, претставници од Месните Заедници од сите села од Охридскиот Регион, Јавниот Сектор, Невладиниот Сектор, Бизнис Секторот( истакнати бизнисмени кои работат или инвестираат во руралните делови на Општина Охрид, Јавни претпријатија, Подрачни единици на Министерствата, Државни Агенции, Национални Институции, Сектори на Општина Охрид кои се битни за руралниот развој и др.





**II. Втора Фаза на Активности :**

- Собирање на предлог проектите од Месните Заедници од селата кои ги опфаќа Општина Охрид, за периодот 2014-2018, кои се во согласност со заеднички утврдените Приоритети за рурален развој.
- Доставување на Предлог Подстратегија за рурален развој 2014-2018 до соодветните комисии и Совет на Општина Охрид,
- Усвојување од страна на Советот на Општина Охрид,

**III. Трета Фаза на Активности :**

- После тоа следува Фазата на имплементација на Приоритетите утврдени во една најтранспарентна постапка со учество на сите засегнати страни од Охридскиот микро регион и нивна имплементација во развојните програми на Општина Охрид и Буџетот на Општина Охрид во периодот 2014-2018,
- Аплицирање со конкретни проекти кои се поврзани со утврдените приоритети од оваа Подстратегија (локални, регионални, национални и меѓународни проекти).
- Изработка на **Акционен план** за следење на процесот на реализација на програмите и проектите.

## 1. Законски рамки за развој на руралните подрачја во Р.М

### 1.1. Закон за земјоделие и рурален развој

Со овој закон се уредуваат планирањето на развојот на земјоделството и руралниот развој, целите на националната земјоделска политика, планирање, следење и процена на националната земјоделска политика, партнерство со социјални и економски партнери од областа на земјоделството, мерките за уредување и поддршка на земјоделски пазари, директни плаќања и рурален развој, државната помош во земјоделството и руралниот развој, формите на организирање и здружување во земјоделството и контролата на спроведување на мерките и надзорот над спроведувањето. Целта на Законот за земјоделство и рурален развој е да се систематизираат и дефинираат целите на земјоделска политика структура на системот за користење и распределба на државните субвенции. Овие цели се предуслов за воспоставување на стандардите на ЕУ во областа на земјоделството.

Национална земјоделска политика е систем на комплементарни политики за уредување и поддршка на земјоделските пазари, директни плаќања за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и рурален развој со чие спроведување се регулира развојот и динамиката на земјоделското производство и руралните средини согласно со материјално-техничките, економските, еколошките и социјалните услови во Република Македонија и согласно со меѓународните спогодби и договори.

**Финансирањето на националната земјоделска политика се врши од:**

- Буџетот на Република Македонија,
- Буџетот на Европската унија,
- Донации и
- Други извори согласно со закон.

Целите на националната земјоделската политика на Република Македонија се насочени кон:

- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна,
- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,
- одржлив развој на руралните подрачја и
- оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина.

Земјоделската политика и политиката за рурален развој се спроведува со реализација на Национална стратегија за земјоделство и рурален развој и Национална програма за земјоделството и руралниот развој. Долгорочни цели за развојот на земјоделството се: воспоставување на пазарна економија, зголемување на профитабилноста на земјоделството и развој на руралните области. Многу битен елемент на законот е дека видовите на субвенции можат да се утврдат под различни услови и во различен обем, во зависност од тоа дали се работи за подрачја со отежнати услови за работа во земјоделството. Под "Подрачја со отежнати услови за работа во земјоделството" се дефинираат подрачјата кај кои поради природните, општествените и законските ограничувања не постојат услови за поинтензивен развој на земјоделството.

Структурните олеснувања вклучуваат програми за поддршка кои се однесуват на мерките за рурален развој, подобрување на квалитетот на земјоделското земјиште и мерки на институционална поддршка. Со стимулациите во областа на руралниот развој треба да се подигне конкурентноста на земјоделството и шумарството, да се подобри состојбата на животната средина, да се овозможи заштита на биодиверзитетот и да се развијат програми за диверзификација на руралната

економија и подобрување на кавлаитетот на живот во руралните области. Единиците на локалната самоуправа можат да утврдат мерки за спроведувањето на земјоделските политики.

## 1.2. Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој

Најважни акти со кои се регулира развојот на руралните подрачја се Законот за земјоделство и рурален развој и Националната Програма за рурален развој.

---

**Национална стратегија за земјоделството и рурален развој**

Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој е основен стратешки документ за остварување на следниве цели:
- обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна,
- зголемување на конкурентната способност на земјоделството,
- обезбедување на стабилно ниво на доход на земјоделското стопанство,
- одржлив развој на руралните подрачја и
- оптимално искористување на природните ресурси со почитување на начелата за заштита на природата и животната средина.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2007-2013 има две меѓусебно поврзани цели. Првата од нив е да ја обезбеди македонската Влада (и особено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – МЗШВ) и институциите/ интересните групи (руралното население, земјоделците и земјоделските здруженија, групите на производители и преработувачи) повеќе-годишен референтен материјал – стратегија и инструмент за развој на македонското земјоделство и руралните области. Втората е да се востанови база за поддршка на нацртот на хиерархиски пониски оперативни планови за земјоделство и рурален развој, особено Претпристапен документ за земјоделство и рурален развој (ИПАРД) и за нивната дискусија со Европската комисија.

Всушност, според Регулативата на советот на ЕУ бр. 1085 – од 2006 со која се востановува Инструмент за претпристапnа помош – Преамбула, точка 16 во која детално стои дека треба да се обезбеди помош врз основа на севкупна повеќегодишна стратегија која ги рефлектира приоритетите на Процесот за стабилизација и асоцијација, како и стратегиските приоритети на претпристапниот процес. Спомнувањето на стратешки документ за ИПА е одраз на одредбите за земјите-членки на ЕУ, кои се вклучени во Регулативата на ЕУ бр. 1698 од 2005 што бара конкретно за руралниот развој – секоја земја-членка треба да изготви национална стратегија и план за рурален развој кој ќе се состои од референтна рамка за изготвување на програми за рурален развој...

## 1.3. Национална програма за развој на земјоделството и руралниот развој

Владата донесува национална програма за развој на земјоделството и рурален развој. Националната програма особено содржи:
- инструменти и мерки и активности за спроведување на мерките,
- временски распоред и рокови за спроведување и
- индикативна финансиска рамка за нивно спроведување.

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој и други закони, државната поддршка за земјоделството и руралниот развој која во програмата се проектира за периодот од следните пет години, ги опфаќа следниве шеми на финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој:

- директни плаќања,
- уредување на пазарите на земјоделските производи,
- капиталните грантови за рурален развој (финансирани од национални и европските ИПАРД средства),
- поволно рурално кредитирање, и
- државна помош во земјоделството и руралниот развој, вклучувајќи и мерки за техничка помош.

## 1.4. Министерства

### 1.4.1. Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство,

**Правна рамка за равој на руралните области**

Околу 70 % од територијата на Република Македонија може да се дефинира како рурална. Руралните области во Р.М значително се разликуваат по социјални, економски и демографски карактеристики.

Основни проблеми со кои се соочуваат скоро сите рурални области се миграција, слаба диверзификација на економските активности, висока стапка на невработеност, недостаток на можности за вработување, слаба и неразвиена инфраструктура, низок степен на БДП по жител во споредба со урбаните области и незагадена животна средина која се соочува со потенцијални закани. Поголем број од овие проблеми се последица на глобалните промени во претходниот период.

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Законска рамка за активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се постоечките закони, правилници и уредби.

Во составот на внатрешната организација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство постои Сектор за рурален развој, кој го сочинуваат:

- Одделение за одржлив рурален развој
- Одделение за наука, истражување и советодавни услуги
- Одделение за политика на кредитирање во рурални средини и земјоделскиот сектор
- Одделение за поддршка на подрачја со ограничени можности за земјоделско производство
- Одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондовите
- Одделение за следење на спроведувањето на ИПАРД фондовите и известување
- Одделение за спроведување на техничка помош на ИПАРД фондови.

1.4.2. Министерство за заштита на животна средина ипросторно планирање,

Прописите од областа за заштита на животната средина не ги вклучуваат посебните проблеми на руралните подрачја, но многу од овие прописи директно или индиректно се поврзани со заштитата на животната средина, одржување на биолошката разновидност, квалитетот на водата, воздухот, почвата а со тоа и на областа на интегриран рурален развој. Заштитата на природата се регулира со повеќе закони и подзаконски акти, како и некои делови од законодавството кои не се директно поврзани со ова прашање (Закони за лов, риболов, шуми, води итн.).

**1.5. Политика за рурален развој на ЕУ**

1.5.1. Политика на ЕУ за рурален развој кон земјите кандидати
1.5.2. Инструмент за претпристапна помош (ИПА)
1.5.3. ЕУ Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (IPARD)

Стратегијата за рурален развој на Општина Охрид има за цел да ги дефинира стратешките цели во развојот на руралните области и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат брз социјален и економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.

Сегашната политика на ЕУ пружа голема поддршка во равојот на руралните подрачја како на државите- земји членки на ЕУ, така и на земјите кандидати за членство во ЕУ. Политиката за рурален развој на ЕУ е една од нејзините најважни политики. Подршката на Европската Унија на земјите кандидати се огледува во пристапноста на IPA и посебно IPARD фондовите.

Важна компонента на овие фондови е подршка на руралниот развој и заштита на животната средина.Политиката за рурален развој се заснова на “лидер принцип”, програма која има за цел ревитализација на руралните области преку поттикнување на општественото, економското и еколошкото претприемаштво од страна на поединци и групи. Еден од предусловите за користење на IPARD фондовите е постоењето на стратегии за рурален развој во локалните самоуправи.

Руралниот развој во Охридскиот регион веќе подолго време опаѓа и неопходно е трендот да се сврти во обратна насока со цел активирање на руралните области и создавање на препознатлив туристички производ на регионот. Периодот на транзиција доведе до висок степен на невработеност, социјални проблеми предизвикани од преструктуирање и приватизација на стопанството и недоволна искористеност на постоечките капацитети.

Економскиот и социјалниот развој на Општина Охрид во иднина треба да се заснова на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбани и рурални области. Можности за економски развој се развојот на **алтернативниот туризам** како најбрзо растечка гранка во туристичката индустрија,, **земјоделството** и **преработувачката индустрија**.

### Структура на политиката за рурален развој на ЕУ

Земјоделството и шумарството и понатаму ќе бидат главна дејност во руралните средини. Новитет е дека со примената на агро – еколошки мерки ќе се обезбеди еколошки добра животна средина, но во исто време ќе се создаде основа за нов развој и вработување во руралните капацитети. Во иднина, развојот на руралните области ќе се потпира се повеќе и на другите области на економијата (како на пр, туризмот, енергијата и др.). Најважниот документ во врска со руралниот развој за периодот 2007 – 2013 и програмскиот период 2014-2020 год. е Регулатива ЕЗ на ЕУ бр. 1698/2005. Со оваа уредба политиката за рурален развој се фокусира на подобрување на конкурентноста на земјоделскиот и шумскиот сектор, подобрување на животната средина, подобрување на кавилитетот на живот во руралните области и поттикнување на диверзификацијата во руралните економии.

## Политика на ЕУ за рурален развој кон земјите кандидати

### Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

Европската комисија од 2007 год. ги замени претпристапните фондови со Инструмент за претпристапна помош (ИПА). ИПА го дефинира обемот и видот на помошта која ќе ја добие земјата-кандидат , како и помошта на земјите потенцијални кандидати.

Инструментот за претпристапна помош (ИПА ) е сочинет од следниве 5 компоненти:
1. Помош во период на транзиција и институционална надградба
2. Прекугранична соработка
3. Регионален развој
4. Развој на човечки ресурси
5. Рурален развој

### ЕУ Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (IPARD)

Инструментот за претпристапна помош за рурален развој – ИПАРД (2007–2013) (2014-2020) за Република Македонија претставува пристап до фондовите на Европската Унија наменети за финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој со фокус на имплементација на законодавството на Европската Заедница во однос на заедничката земјоделска политика и политиките за конкурентно одржливо земјоделство, силни и одржливи рурални заедници и разновидна и одржлива рурална животната средина.

ИПАРД фондовите се користат согласно изработена и усвоена програма за развој на земјоделството и руралниот развој за програмскиот период (2014-2020)

ИПАРД Фондовите задолжително се трошат по утврдени мерки во ИПАРД Програмата и тоа;

**Мерка 101** Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија

**Мерка 103** Инвестиции за преработката и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија

**Мерка 302** Диверзификација и развој на руралните економски активности.

Посебен осврт во политиката за рурален развој се дава на инвестиции во инфраструктура за водостопанство (микро-акумулации и системи за наводнување и одводнување), консолидација на земјоделско земјиште, патна инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште (т.н. полски патишта), и јакнење на руралната инфраструктура (обновување на селата, воведување на селска патна инфраструктура, пазарна инфраструктура, социјална инфраструктура-младински и пензионерски клубови итн). Како и воведување на мерките за одржливо стопанисување и искористување на природните ресурси, заштита на биодиверзитетот и животната средина.

## Општи информации за руралните области на Општина Охрид

1. **Населени места**

Општината Охрид ги опфаќа следните населени места во руралните области:

Љубаништа, Трпејца, Пештани, Елшани, Коњско, Рача, Рамне, Шипокно, Велестово, Велгошти, Лескоец, Скребатно, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Орман, Косел, Ливоишта, Вапила, Сирула, Расино, Опеница, Куратица, Речица, Свињишта, Завој и Плаќе.



## Љубаништа

**Љубаништа**




Љубаништа (Македонија)

**Координати** 40°55'00" СГШ 20°46'59" ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 171 жит. |



Плажата во кампот Љубаништа

Селото Љубаништа се наоѓа на источниот брег на Охридското Езеро, јужно од градот Охрид. Љубаништа е стара населба. Прв пат се споменува во 1582 година, кога тука живееле 70 христијански домаќинства. Постои предание дека за време на османлиското ропство селото било чифлик на познатиот Џеладин-бег од Охрид. Бегот подоцна го поклонил селото на манастирот Св. Наум, а жителите ја обработувале манастирската земја како исполџии.

## Трпејца




Трпејца (Македонија)

**Координати** 40°57'59" СГШ 20°46'59" ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 303 жит. |





Селото Трпејца е сместено во подножјето на планината Галичица, во една природна вдлабнатина меѓу карпите на источниот брег од Охридското Езеро, на надморска височина од 695 - 750 метри. Трпејца се наоѓа 25 km оддалеченост јужно од Охрид, во крајниот јужен дел на истоимената општина, а покрај селото минува патот Охрид - Св. Наум.

Трпејца е многу старо село со богата историја, за што сведочат остатоците од минатото. Меѓу народот се верува дека името на селото потекнува од зборот *трпеза*, кои во време на верските празнувања биле поставувани крај некогашната тврдина, која се наоѓала на возвишението Осој (1006 м.) јужно од селото. Со векови, православното христијанство е традиционалната религија. Најстарата зачувана црква е „Св. Богородица Заумска“ од 14-тиот век. Неодамна е обновена и старата селска црква „Св. Никола“. Во селото Трпејца работи основно училиште до IV одделение, а работат и повеќе услужни објекти.

## Пештани



Пештани (Македонија)

**Координати** 41°00′55″ СГШ 20°48′32″ ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 1326 жит. |
| **Пошт. бр.** | 6323 |

Селото Пештани се наоѓа во подножјето на планината Галичица, на источниот брег на Охридското Езеро, 12 km јужно од градот Охрид, и се наоѓа на патот од Охрид за Свети Наум.

Пештани е опкружено со прекрасна природа. На запад се наоѓа Охридското Езеро, а над населбата се издигнува планината и национален парк Галичица.

Многу значајна е пештерската црква Света Богородица(пештанска), а Св. Богоридица е заштитничка на селото. Во самото село Пештани и во неговата околина има седум цркви: Св. Врачи, Св. Ѓорѓија, Св. Никола, Св. Петка, Св. Никола, Св. Троица и Св. Богородица. Од уметнички аспект најзначајна секако е Св. Богородица која воодушевува со својот фрескоживопис. Во близината на Пештани се наоѓало и наколно живеалиште од неолит.

Во Пештани се наоѓа и централното основно училиште „Св. Наум Охридски“ од 1-9 одд. во кое доаѓаат ученици од околните села.

Пештани располага со бројни сместувачки капацитети меѓу кои најголем е хотелот „Десарет“. Постојат голем број ресторани во кои може да се пробаат врвни национални јадења и риба подготвена на автентичен локален начин, да се ужива во специјалитетите на врвните кулинарски мајстори и сето тоа залеено со квалитетни домашни вина. Бројните кафе барови го прават ноќниот живот на туристите во Пештани богат и интересен и нудат добра забава и во доцните ноќни часови.

## Елшани



Елшани (Македонија)

**Координати** 41°01′31″ СГШ 20°48′48″ ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 590 жит. |
| **Надм. височина** | 870 м |
| **Портал** | Елшани |


Поглед на Елшани од месноста Вршек

Елшани се наоѓа на 10 км јужно од градот Охрид. Основниот дел од селото е сместен на 850 - 950 метри надморска височина, на неколку стотици метри од Пештани и од брегот на Охридското Езеро. Новата придружна населба Елешец започнува на езерскиот брег, на 700 м.н.в.

Со векови, православното христијанство е традиционалната религија, а датирањето на најстарата црква оди дури во 1408 година. Во селото постојат две цркви: Соборната црква „Св. пр. Илија“ (обновена во 1859; насликана во1944) и „Св. мч. Мино“ (изградена во 1994). Во средиштето на селото се наоѓа спомен-чешмата „Клајнец“ на која врз мермерна плоча се запишани имињата на паднатите борци од НОАВ. Во Елшани можат да се видат остатоци од старата селска архитектура.

Во селото постои 4-годишно основно училиште, кое работи во рамките на училиштето „Св. Наум Охридски“ од Пештани.

Елшани е опкружено со територијата на Националниот парк „Галичица“, а во непосредна близина е Охридското Езеро. Елшани е извонредна почетна точка за планински прошетки или искачување по карпи во Националниот парк Галичица. Од друга страна, разгранетата мрежа од патеки, тесни селски улици и локални неоптоварени патишта се идеални за пешачење, трчање или велосипедизам.

## Шипокно




Селото Шипокно е планинско село, со неколку стари куќи. Според пописот има само 5 жители. Во селото е спроведена електрична енергија но нема водовод и канализација. Со вода се снабдуваат од заедничка чешма во селото.

Поради немање услови за пристоен живот, жителите го напуштиле селото и во најголем број се доселиле во пониските делови, формирајќи ја населбата Св. Стефан. Денес во селото постојано живеат двајца жители.

## Велестово




Од Охрид, селото Велестово е одалечено 4 до 5 км. Се оди по асвалтиран пат. Местоположбата на селото од каде има прекрасен поглед на езерото и градот Охрид придонеле ова село да биде атрактивно за купување на земја и изградба на современи викенд куќи. Секоја година тука се одржува поетски уметнички собир под отворено небо и му се посветува на оригинален, интелектуален, современ поет. Поетската ноќ во Велестово има и изложба на скулптури и за уметниците е инспиративна средба чија вредност е во нејзината неинституционалност и спонтаноста. До сега се одржани преку 20 средби.

## Рамне






Селото Рамне е оддалечено од Охрид 4-5 км во источен правец. Селото е сместено на зарамнета варовничка тераса на северозападната падина на планината Галичица, поради што (најверојатно) го добило и своето име. Во селото и неговата непосредна околина има повеќе карстни извори наречени: Летница (или Стара Вода), Поник, Ливадиште, Горни и Долни Бунари. Варовничкиот состав на земјиштето овозможува изобилство од вода и доста силен и поволен водостој на селската чешма, кој овозможува покрај за пиење, водата да се користи и за наводнување преку летото. Рамне спаѓа во редот на најстарите села во Охридско. Најверојатно е основано во раниот среден век, за што сведочи и напишаниот Рамненски (Болоњски) псалтир од овој период.

## Долно Коњско




Долно Коњско (Македонија)

Координати 41°03'03" СГШ 20°48'46" ИГД

| | |
|---|---|
| Општина | Општина Охрид |
| Население | 551 жит. |



Глетка на Долно Коњско од водите на Охридското Езеро

Долно Коњско се наоѓа јужно од градот Охрид, над патот Охрид - Св. Наум и во непосредна близина на Охридското Езеро. Оваа населба е оддалечена на 5 км од градот Охрид. Историјата на Долно Коњско започнува со доселувањето на неговите жители од старото Коњско, кое сега е речиси напуштено. До средината на 20-тиот век, просторот на кој сега се наоѓа населбата претставувал каменест и сув рид на кој за брзо време била подигната денешната населба.

## Горно Коњско




Коњско (Македонија)

Координати 41°03'00" СГШ 20°48'48" ИГД

| | |
|---|---|
| Општина | Општина Охрид |
| Население | 22 жит. |

Коњско е сместено на едно високо издигнато плато на западните падини од планината Галичица. На север, селскиот атар се граничи со атарот на селото Шипокно, а на југ со атарот на селото Елшани. На источната страна се издига гребенот на планината Галичица, додека од западната страна се наоѓа Охридското Езеро. Веднаш под селото на планинската падина сè до самиот брег на Охридското Езеро и патот кој води кон Пештани и манастирот „Свети Наум“ е изградена туристичката населба Долно Коњско со голем број на хотели, одморалишта, сместувачки капацитети, приватни викенд-куќи и вили и угостителски објекти.

За постанокот на селото Коњско тешко дека ќе можеме да дадеме конкретен одговор заради оскудните податоци. Можно е селото да го добило името Коњско, бидеќи основната дејност со која се занимавале жителите било сточарството: овци и коњи. Во селото дејствува храмот посветен на „Св. мч. Мино“ околу кој се наоѓаат селските гробишта. Училиштето е целосно запуштено.

## Рача

Селото Рача се наоѓа на 2 км. оддалеченост од Охрид, веднаш над патот кој води од Охрид за Св. Наум. Ова село е едно од поголемите села на територијата на Националниот Парк Галичица и брои 1034 жители. Голем дел од жителите се со потекло од Велестово, доселени тука, поради близината на градот и подобрите услови за живот. Низ селото поминува Рачанска река чии води се влеваат во Охридското Езеро.

Во осумдесеттите години кога Охрид и Охридско бил посетуван од поголем број странски туристи, најмногу Холандски, жителите од Рача и Велестово ја покажувале својата гостопримливост со нудење услуги за прошетка на туристите низ планината на своите магариња и послужување на специјалитети на народната кујна. Најголем број од жителите на Рача својот работен ангажман го остваруваат во градот Охрид и околните туристички објекти. Дел од домаќинствата кои се поблиску до патот кој води за Св. Наум, за време на летната туристичка сезона, издаваат легла и апартмани за приватно сместување. Некои домаќинства имаат изградено нови објекти за таа намена или ги адаптирале куќите во кои живеат.

## Велгошти




Велгошти (Македонија)

Координати 41°07'57" СГШ 20°50'12" ИГД

| | |
|---|---|
| Општина | Општина Охрид |
| Население | 3060 жит. |
| Надм. височина | 721 м |



Велгошти се наоѓа на подножјето на планината Исток и е познато по природната околина. Поголемиот дел од населеното место е расположено на падините и во подножјето на ридовите: „На пљуска“, „Горни лозја“, „Црвени Камчиња“, „Олмец“, „Костење“, и „Чардак“. На запад, југозапад и на североисток селото е отворено кон Охридската Котлина. Над селото се наоѓа манастирот Св. Петка. Уште погоре во планината се наоѓаат црквите Св. Илија и Св. Никола. Од центарот на Охрид до центарот на Велгошти има 2,5 км. Всушност денеска Велгошти е споено со Охрид преку улицата "Илинденска" Како граница со Охрид е мостот на реката суводолица Сушица.

Со патот Охрид-Ресен-Битола т.е. со улицата 15-ти Корпус Велгошти исто така се поврзува со градот преку "Вис" или "На Вис" . Во селото постои основното училиште „Живко Чинго“ и детска градина „Јасна Ристеска“.

Подетални информации: http://mk.velgosti.com/istorija.html

## Лескоец




Лескоец (Македонија)

Координати 41°09'01" СГШ 20°49'41" ИГД

| | |
|---|---|
| Општина | Општина Охрид |
| Население | 2595 жит. |



Панорама на Лескоец

Селото Лескоец се наоѓа на 4,1 км. оддалеченост од Охрид и во моментов претставува приградска населба на градот Охрид, со развиена индустриска зона и голем број на мали и средни капацитети. Селото брои 2595. Најголем број од денешното население во Лескоец потекнува од планинските села во некогашната коселска општина, мигрирајќи во текот на 70 и 80 тите години на минатиот век како работна сила во големите индустриски капацитети во близина на Лескоец. Позначаен културно-историски споменик е Црквата „Св. Спас“ - стара црква, изградена во 1462 година.

## Долно Лакочереј

**Долно Лакочереј**




Долно Лакочереј (Македонија)

**Координати** 41°09'32" СГШ 20°47'44" ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 728 жит. |

Селото Долно Лакочереј се наоѓа во северниот дел од Охридската котлина, во подножјето на ридот Градиште (936 м.) што претставува дел од планинскиот масив Копарница што ја дели Охридската од Струшката котлина. Се наоѓа на 5 km северно од градот Охрид и се надоврзува на градот веднаш после населбата Радојца Новичиќ, на надморска висина од 698 м. Од западната и северната страна селото е заградено со ридесто земјиште, а од источната и јужната страна се простира Охридското поле.
Селото е од збиен тип со издолжен облик во насока север-југ, што е како резултат на конфигурацијата на теренот, и е поделено на три маали: Горна, Средна и Долна маала. Во последните години селото и брзо се проширува кон југоисток, вдолж патот и целосно е споено со градот.
Од објектите што се во селото се истакнува Задружниот дом изграден уште во 1948 година со доброволно ангажирање на жителите од селото.Во приземјето од истиот денес е сместена современа фабрика за конзервирање на зеленчук МАЕМИ од Охрид.Истата почна со работа во 2001 година. Задружниот дом(Културен центар Македонија-реновиран во 2007 година) располага со современа културно уметничка сала за потребите на жителите од селото во која се одржуваат свечености за време на православните празници, како и современа кујна и канцеларија.
Има две училишни згради од кои едната е постара и изградена е во 1929 година и се користи за потребите на месната заедница(целосно е реновирана во 2002 година), а новата зграда е изградена во 1966 година(целосно реновирана во 2001) во кое се изведува настава за основно образование.
Во Горна Маала е и селската црква „Св. Недела“ која е обновена во 1974 година врз темелите на постара црква.Во непосредна близина на црквата се наоѓа изворот Милигоец.

## Горно Лакочереј




Горно Лакочереј (Македонија)

**Координати** 41°10'06" СГШ 20°48'18" ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 515 жит. |



Манастирот „Св. Спас“ во Горно Лакочереј во почетокот на XX век

Селото Горно Лакочереј е сместено во Охридската Котлина, 9 km северно од градот Охрид. Претставува современа селска населба ...

## Скребатно








Селото Скребатно се наоѓа на 11,2 км. оддалеченост од Охрид. Скребатно е едно од најуредените излетнички места во Македонија и сигурно најуредено место без приватен сопственик кој би имал профит од неговата посетеност. Скребаштани кои во минатото го напуштиле селото и се иселиле во Лескоец, Охрид па и подалеку, на нивното родно место, посебно на црковниот имот кои тие го викаат Манастир на 28 август (голема Богородица) во селото го одржуваат голем спектакуларен собир на граѓани во чест на овој голем Христијански празник. Учествуваат огромен број на верници од целиот свет. Интересно е да се напомене дека црквата дава ручек за сите присутни кои се поседнати на големата ливада до самата црква, во тредиционален прибор за јадење.

## Вапила




Познато е преданието дека старото село Вапила за време на турското владеење било уништено, меѓутоа не се знае кој ја уништил старата населба. Денешната населба настанала во првата половина на XIX век (околу 1830 година), која ја основале три словенско-христијански домаќинства.

## Ливоишта




Селото Ливоишта се наоѓа на 11,2 км. оддалеченост од Охрид

**Подмоље**




Подмоље (Македонија)

**Координати** 41°09′39″ СГШ 20°45′07″ ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 331 жит. |

**Расино**




Расино (Македонија)

**Координати** 41°12′15″ СГШ 20°51′32″ ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |

## Сирула




Сирула (Македонија)

Координати 41°14'04" СГШ 20°50'40" ИГД

| | |
|---|---|
| Општина | Општина Охрид |

Во селото Сирула постои црква „Св. Никола" - реконструирана и осветена на 20 мај 2005 година од страна на Митрополитот г. Тимотеј. Фрескоживописот е дело на уметникот Драган Ристески од Охрид.

Археолошки локалитети:

- Горна Црква - средновековна црква;
- Свети Никола - средновековна црква и некропола;

## Косел




Косел (Македонија)

Координати 41°10'27" СГШ 20°50'08" ИГД

| | |
|---|---|
| Општина | Општина Охрид |
| Население | 586 жит. |
| Пошт. бр. | 6000 |
| Надм. височина | 750 м |



Во југозападниот дел на Република Македонија во дел од Охридската Котлина се наоѓа селото Косел. Селото се наоѓа на 7 км северно од Охрид, на регионалниот пат Охрид - Битола, на Коселска река. Традиционално се дели на две маали - Горни и Долни Косел.

Во периодот од 1996 до 2005 во Косел самостојно егзистира општина Косел. Во оваа општина спаѓаа селата: Косел, Куратица, Вапила, Ливоишта, Сирула, Расино, Скребатно, Опеница, Завој, Свиништа, Речица и Плаќе.

Сулфатарата “Дувало” претставува активна поствулканска појава која се наоѓа во непосредна близина на селото Косел, недалеку од Охрид. Има изглед на минијатурен кратер со пречник од 0,5 м и длабочина од 30 см. Од отворот избиваат гасови на јаглен диоксид и сулфур водород заради што оваа појава во исто време е и мофета и сулфатара. Претставува последен знак на изумирање на некогашна вулканска активност.Сулфатарата Дувало во Косел е поствулканска појава една од ретките од ваков вид во овој дел на Европа. Со самиот ваков карактер сулфатарата преставува природен феномен, поради што во 70-тите од страна на Собранието на Општина Охрид добила статус на природна реткост.

## Плаќе

Селото Плаќе е сместено на југозападните падини на Плакенска Планина, на надморска височина од 1350 метри и е највисоко населено место во Општината Охрид. Од градот Охрид е оддалечено 23 км. Селото располага со електрична мрежа меѓутоа не и со селски водовод. Прекрасните пасишта, потоци и шуми на Плакенска планина се предуслов за развиено сточарство посебно одгледување на овци во селото. Традицијата на производство на овчото сирење ја продолжуваат неколку семејства кои во овој момент располагаат со стада преку 1500 овци. До селото се стигнува преку Прентов Мост и Речица. Асфалтниот пат од Речица до Плаќе е недовршен за уште 2 км.

## Куратица




Куратица (Македонија)

**Координати** 41°14'31" СГШ 20°53'26" ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |
| **Население** | 326 жит. |
| **Надм. височина** | 1080 м |
| **Портал** | Куратица |




Селото Куратица се наоѓа на 20 километри североисточно од Охрид или на 5 км. северно од патот Охрид — Ресен. Сместено е во пазувите на планинскиот масив Мазатар (Бајрак 1635 м) на надморска висина од 1100 метри. Селото е расположено во тесна карстна долина. Заради конфигурацијата на теренот селото има издолжен облик во насока северозапад — југоисток и спаѓа во селата со збиен тип на куќи, со мали дворишта. Се дели на три краеви: Горна Маала, Долна Маала и Средна Маала. Во Долна Маала се наоѓа селската црква Св. Никола пред чиј влез е заедничката гробница на загинатите борци во Народноослободителната војна од ова село. Во секојдневниот говор кај месното население и во целото охридско подрачје, селото се нарекува со името „Курајца" или „Кураица", а поретко и „Куратица". Засега најстар пишан документ за името на селото претставува Опширниот пописен тефтер за Охридскиот санџак од 1582 година. Ако се има предвид конфигурацијата на теренот каде што е сместено селото Куратица постои можност, овој дел, во периодот на доселувањето на Словените да претставувал посебна област или жупа. Оттаму сметаме дека името на селото Куратица значи „мала жупа" или „жупица".
www.kuratica.eu

- Црква „Св. Никола“ - изградена во 1937 година, Црква „Св. вмч. Димитрија“ ,Црква „Успение на Пресвета Богородица“ - , Црква „Св. Симеон“

## Речица




Речица (Македонија)

**Координати** 41°12'48" СГШ 20°56'29" ИГД

| | |
|---|---|
| **Општина** | Општина Охрид |

